ФД М Кеш Македонија ДООЕЛ
Пајак бр.9, 1000 Скопје, Македонија
Тел. +389 (2) 51 15 000 office@mcash.mk
www.mcash.mk

# И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________ со ЕМБГ ________________
(име и презиме)

Изјавувам дека:

Сум запознаен со Општите услови за давање на кредит и политиката за приватност објавени на веб страната на ФД М КЕШ Македонија Дооел Скопје („М КЕШ“) и наведените податоци ги давам доброволно со цел добивање на потрошувачки кредит.

Контролор на лични податоци е М КЕШ со регистрирано седиште на ул. Пајак бр. 9, 1000 Скопје, со ЕМБС 6992960.

Согласен сум М КЕШ да врши обработка на личните податоци содржани во документите за кредит и финансиските податоци за целите на исполнување на Договорот за наменски потрошувачки кредит, вклучувајќи и проценка на кредитната способност и ризиците, во врска со наплата на долгот, истражување на пазарот и за целите на книговодство и архивирање. Примач на личните податоци е Македонско кредитно биро АД Скопје. Изјавувам дека согласноста е доброволно дадена и сум запознаен дека во секое време имам право на исправка и бришење на личните податоци, и дека имам право во секое време да ја повлечам дадената согласност со давање на писмена изјава.

Согласен сум М КЕШ да врши обработка на моите лични податоци за целите на директен маркетинг по затворање на договорот за наменски потрошувачки кредит со цел испраќање на рекламна, маркетиншка или пропагандна содржина, и изјавувам дека сум запознаен со правото на приговор за обработка на моите лични податоци за целите на маркетинг.

Согласен сум да се провери во КИБС дали сум сопственик на трансакциската сметка која ја имам доставено.

Потврдувам дека личните податоци на Лицето за контакт (име, презиме, телефон) се дадени со согласност на Лицето за контакт истите да се чуваат и обработуваат од страна на М КЕШ за целите за проверка на мојата кредитна способност која што претходи на донесување на одлука за давање на кредит. Потврдувам дека Лицето за контакт е уредно известено за обработувањето на неговите лични податоци само за овие цели и дека истите се информирани дека во секое време имаат пристап до и право на исправка на личните податоци.

Согласен сум Лицето за контакт да биде контактирано и информирано за обврските кои ги имам кон М КЕШ, доколку М КЕШ не може да стапи во контакт со мене.

Изјавувам дека на денот на потпишување на оваа Изјава немам трансакциски сметки во било која деловна банка на кои што има налог за извршување заради присилно намирување на парично побарување, како и тоа дека немам никакви сознанија дека против мене е поведена постапка заради присилно намирување на парично побарување пред надлежен нотар или извршител.

Согласен сум контролорот за свои маркетинг цели да врши обработка на моите лични податоци за маркетинг на производите и услугите на контролорот преку електронски средства за комуникација преку е – маил, СМС и користење на автоматски говорни системи. Да врши обработка при спроведување на наградни игри, да врши фотографирање и снимање како и да врши емитување на видео снимки и да објавува фотографии од мојот лик и од местото на доделување на наградата на својата веб страна, телевизија, интернет и други електронски средства во текот на и по завршување на наградната игра, во согласност со применливите прописи.

Изјавувам дека дадените информации се точни и целосни, како и дека сум запознаен со можноста за кривична постапка за измама доколку се покаже дека информациите се неточни и/или нецелосни.

ФД М Кеш Македонија ДООЕЛ
Пајак бр.9, 1000 Скопје, Македонија
Тел. +389 (2) 51 15 000 office@mcash.mk
www.mcash.mk

Запознаен сум дека:

1. МКБ има право да подготви и достави извештај до М КЕШ, или трето лице за целите на наплата на долгот, со моја претходна писмена согласност.
2. Имам право на увид во податоците кои се водат во МКБ, и право да ја оспорам точноста и целосноста на податоците содржани во извештајот од МКБ.
3. МКБ не сноси одговорност за податоците содржани во извештајот или за било која неповолна активност преземена од М КЕШ врз основа на извештајот, освен во случај на доставување на лажни информации со цел нанесување на штета.
4. МКБ ги брише моите податоци по изминување на 5 години од исполнување на обврската или затворање на сметката.

Со потпишување на оваа изјава потврдувам дека уредно ги имам потпишано и примено следните документи при склучување на договор:

1. Барање за финансиско советување;
2. Договор за потрошувачки кредит;
3. Договор за советување;
4. Амортизационен план;
5. Преглед на парични текови за потребите на пресметката на СВТ;
6. Формулар за преддоговорни информации (податоци);

Изјавил                                        Датум

_________________________________

(име, презиме и потпис)